**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-184/4**

**Скопје, 04.03.2008 година**

**ДО**
**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фонд) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2005 година, во кој е дадено мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Д-р Никола Пановски, директор на Фондот до 26.09.2006 година
- Георги Тренкоски, директор на Фондот од 18.10.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 07.11.2007 –04.01.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

### *10.1. Систем на интерни контроли*

- Врз основа на оценка на контролните постапки, ревизијата утврди дека не постојат пишани процедури во делот на методите за контрола на работата на подрачните служби и јавните здравствени установи иако утврдивме постоење на алтернативни методи на контрола и разграничување на надлежностите и одговорностите согласно интерните акти на Фондот.

  *Во текот на 2007 година од страна на раководството на Фондот изготвени се пишани процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности за целокупните постапки и методи за контрола, со делегирање на надлежностите на буџетски контроли во секоја Јавна здравствена установа.*

  *Во текот на 2006 и 2007 година од страна на внатешната ревизија на Фондот извршени се одреден број ревизии со препораки до раководителите на Подрачните служби и Јавните здравствени установи во поглед на неправилностите во функционирањето на системот на интерните контроли.*

**_Процес на јавни набавки:_**

- Врз основа на извршеното снимање на системот на интерните контроли во процесот на јавни набавки, ревизијата утврди дека ризиците недоволно се покриени со контроли со кои би се запазило начелото за обезбедување на еднаква положба на понудувачите, поради не поднесени изјави за постоењето на конфликт на интереси, спротивно на членовите 21 од Законот за јавни набавки. Истото може да има влијание на изборот на најповолната понуда.

  *Во текот на 2007 година при спроведување на постапките за јавни набавки се поднесуваат изјави за непостоењето на конфликт на интереси*.

### *10.2. Неправилна примена на акти:*

10.2.1. Планот за јавни набавки за 2006 година не е навремено доставен до Бирото за јавни набавки, спротивно на член 11 став 2 од Законот за јавни набавки, поради ненавремена изработка на истиот. Истото влијае спроведувањето на постапките за јавна набавка без истите да се планирани.

**Препорака:** Планот за јавни набавки навремено да се изработува и доставува до Бирото за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки.

### *10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

10.3.1. Во Фондот се евидентирани Побарувања од здравствени установи во земјата во вкупен износ 4.295.649 илјади денари, а се однесуваат на авансирани средства поради неизвршени здравствени услуги од страна на јавните здравствени установи, спротивно на член 69 и 70 од Законот за здравствено осигурување. Истото влијае на висината на износот на побарувањата кои се поголеми од фактички извршените здравствени услуги.

*Ревизијата недава препорака бидејќи во текот на 2007 година склучени се Договори за здравствени услуги со сите јавни здравствени установи.*

10.3.2. За лекување на осигурените лица во странски болници исплатени се средства кои не се раздолжени во рокот утврден во решенијата издадени од Фондот, во износ од 88.881 илјада денари, спротивно на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурени лица во странство и Решението за лекување, поради необезбедена потребна документација од осигурените лица и здравствени установи во странство. Истото влијае на нереално искажување на побарувањата, застарување, ненаплативост и отпис на истите.

**Препорака:** Фондот за лекување во странство навремено да врши обезбедување на документацијата од осигурените лица и странските здравствени установи, а по истекот на законски предвидениот рок да презема мерки за наплата по судски пат.

10.3.3. Од сметката на Фондот се вршат исплати на добавувачите по спроведена постапка за јавна набавка од страна на Фондот за сметка на Јавните здравствени установи, со што истовремено се врши затворање на обврските за извршени здравствени услуги кон јавните здравствени установи, поради воспоставената пракса на плаќање на здравствените услуги со писмено известување, спротивно на Законот за облигационите односи и Законот за платниот промет. Истото има влијание на евиденцијата на исплатените фактури за здравствени услуги кај јавните здравствени установи.

*Ревизијата недава препорака бидејки согласно измените на Законот за здравствено осигурување, финансирањето на Јавните здравствени установи во 2007 година се врши според утврдените буџетски лимити за соодветната здравствена установа со што плаќањето за здравствените услуги ќе се врши до висина на определените лимити утврдени со буџетските плафони.*

### *10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

10.4.1. Позицијата Постојани средства од Билансот на состојба не е усогласена со позицијата Извори на капитални средства, спротивно на член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, поради пресметковниот начин на евиденција во минати години. Непримената на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години овозможува нереални и необјективни билансни позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:** Овластениот сметководител на Фондот да изврши усогласување на сметките од сметководствената евиденција кои меѓусебно кореспондираат, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници.

### *10.5. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

***Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет и спротивно на законските прописи:***

10.5.1. За членовите на Управен одбор, освен за месечен паушал, исплатени се дополнителни средства за дневни трошоци (900 денари за секоја одржана седница), патни трошоци (кои се исплатуваат без документација - сметка за гориво, билет и сл.) и трошоци за користење на мобилни телефони, како и персонален данок за истите, во вкупен износ од 474 иљjади денари, спротивно на Одлука бр.14-1798/6 од 24.04.2003 година од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ, поради постапување по Одлуки од Управниот одбор, кои не кореспондираат со горенаведената одлука. Истото влијае на незаконско зголемување на расходите по тој основ.

*Ревизијата не дава препорака за исплата на дневни трошоци за присуство на седница на членовите на Управен одбор, бидејќи со Одлуката бр.02-6900/3 од 05.10.2006 година донесена од Управниот одбор, не се предвидени исплати на истите.*

**Препорака**: Да не се исплатуваат патни трошоци и трошоци за користење на мобилни телефони за членовите на Управен одбор по Одлуки донесени од Управен одбор, во спротивно за истите да одлучи Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ.

10.5.2. На позицијата Обврски во меѓусебни односи спрема фондовите и корисниците евидентирани се превземени обврски во вкупен износ од 3.174.207 иљада денари, а се однесуваат на извршени здравствени услуги од страна на јавните здравствени установи за кои не се обезбедени средства во Буџетот на Фондот за 2006 година, поради начинот на плаќање на здравствените услуги. Истото има влијание да со необезбедени средства се врши пренесување на обврски од минати години.

*Ревизијата недава препорака бидејќи во текот на 2007 година склучени се Договори за здравствени услуги со сите јавни здравствени установи.*

***Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки***

10.5.3. По спроведените постапки за јавна набавка за потребите на јавните здравствени установи во 2006 година констатирани се определени неправилности, спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки и тоа:

- Фондот нема склучено договори за групна набавка со јавните здравствени установи како и определено годишни количини на лекови и медицински материјали кои може да ги набави секоја јавна здравствена установа, поради несоодветна примена на законската регулатива. Со овој начин на набавки јавните здравствени установи вршат набавки без ограничување.

*Фондот во 2007 година има склучено договори за групна набавка за секоја јавна здравствена установа за спроведување на постапка за групна набавка на лекови од позитивна листа и врши следење на договорите.*

- Извршени се исплати на добавувачите по набавки од страна на јавните здравствени установи кои ги надминуваат договорените износи, поради невоспоставена контрола на договорените количини. Истото влијае на создавање на обврски кои не се предвидени со Буџетот на Фондот.

*Во текот на 2007 година воспоставена е процедура за јавните здравствени установи за добивање на финансиска согласност од Фондот и пратење на договорите по спроведените постапки за јавна набавка.*

10.5.4. Во текот на 2006 година исплатени се средства без спроведена постапка за јавна набавка, спротивно на член 56 од Законот за јавни набавки, за набавка на лекови во износ од 3.934 илјади денари.
*Неспроведувањето на постапки за јавни набавки создават можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.*

**Препорака:** Директорот како одговорно лице да овозможи да се изгради систем за спроведување на јавни набавки согласно законската регулатива.

11. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 10.1., 10.3., 10.4. и 10.5. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точките од 10.1 до 10.5, кај Фондот за здравствено осигурување на Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

13. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за 2005 година ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 11.1.2, 11.2.1, 11.2.2, 11.3.1., 11.4.1, 11.4.2, 11.5.1. и 11.6.2 од страна на субјектот се превземени мерки за отстаранување на наведените слабости и неправилности, а за останатите констатации Фондот не превземал мерки за отстранување на истите.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Фондот во текот на ревизијата:**

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на Фондот за здравствено осигурување извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2007 година и пуштени се налози за прекнижување/докнижување, согласно одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници кои имаат ефект на зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2006 година за износ од 111.474 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции. Исправките се спроведени со налог за книжење број 85/7 од 30.11.2007 година и 1/6 од 27.12.2007 година.

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на Фондот за здравствено осигурување во 2007 година извршени се корекции на состојбите на сметките од вонбилансната евиденција на обврските кон добавувачите за набавки на лекови од позитивна листа и пуштени се налози за прекнижување/докнижување, согласно одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници кои

имаат ефект на зголемување на вонбилансната евиденција - актива и вонбилансната евиденција - пасива во Билансот на состојба за 2006 година за износ од 1.075.206 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции. Исправките се спроведени со налог за книжење број 1/6 од 27.12.2007 година.

**Скопје, 03.03.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ФОНД ЗА ЗДАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 15,536,963 | 14,965,730 |
| Неданочни приходи | 801,815 | 10,535 |
| Капитални приходи | 9,010 | 0 |
| Трансфери и донации | 157,108 | 273,296 |
| **Вкупно приходи** | **16,504,896** | **15,249,561** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 169,093 | 169,012 |
| Стоки и услуги | 14,931,504 | 13,852,227 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 196 |
| Социјални бенефиции | 1,116,086 | 1,069,890 |
| **Вкупно тековни расходи** | **16,216,683** | **15,091,325** |
| **Капитални расходи** | **63,711** | **114,313** |
| **Вкупно расходи** | **16,280,394** | **15,205,638** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **224,502** | **43,923** |

## ФОНД ЗА ЗДАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 224,501 | 43,924 |
| Побарувања | 1,945 | 6,766 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4,384,531 | 3,660,522 |
| Активни временски разграничувања | 4,466,119 | 4,326,416 |
| Залихи | 653 | 653 |
| **Вкупно тековни средства** | **9,077,749** | **8,038,281** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 284,745 | 182,718 |
| Природни богатства | 21,698 | 21,698 |
| Материјални средства во подготовка | 843,770 | 549,752 |
| **Вкупно капитални средства** | **1,150,213** | **754,168** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 19,887 | 13,640 |
| **Вкупна актива** | **10,247,849** | **8,806,089** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 33,514 | 9,162 |
| Краткорочни обврски по резерви | 29,100 | 31,592 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 56 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 118,479 | 99,024 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 3,174,208 | 3,101,489 |
| Пасивни временски разграничувања | 4,972,110 | 3,969,195 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **8,327,467** | **7,210,462** |
| **Обврски по долгорочни кредити и заеми** | 665,801 | 743,338 |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 1,249,807 | 846,350 |
| Ревалоризациона резерва | 0 | 0 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **1,249,807** | **846,350** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4,774 | 5,939 |
| **Вкупна пасива** | **10,247,849** | **8,806,089** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Извори и обврски на средствата за други намени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **829,521** | **16,829** | **5,939** | **852,289** |
| | | | | - |
| **Зголемување по основ на:** | **432,167** | **3,745** | **-** | **435,912** |
| Набавки | 26,745 | 3,745 | - | 30,490 |
| Докнижување по ревизија | 405,436 | - | - | 405,436 |
| Кусок по попис | (14) | - | - | (14) |
| **Намалување по основ на:** | **32,404** | **51** | **1,165** | **33,620** |
| Расход по попис | 19 | - | - | 19 |
| Раскнижување на продаден објект | 11,408 | - | - | 11,408 |
| Амортизација | 20,977 | - | 1,165 | 22,142 |
| Издадени материјали | - | 51 | - | 51 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **1,229,284** | **20,523** | **4,774** | **1,254,581** |